Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 235 ставови (2) и (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19) и член 21 став (1) точка 1) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20 и 246/20), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 24 декември 2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ДИСТРИБУЦИЈА НА ПРИРОДЕН ГАС**

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на природен гас („Службен весник на Република Македонија“ бр.93/11, 97/13 и 45/17), издадена на Јавното претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти КУМАНОВО-ГАС Куманово, во точка 1 од диспозитивот на одлуката зборовите “Јавното претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти КУМАНОВО-ГАС Куманово” се заменуваат со зборовите “Јавното претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти КУМАНОВО-ГАС Куманово Ndermarrja publike per ndertim te objective infrastrukturore KUMANOVA-GAZ Kumanove”.
   Прилог 1 се заменува со нов Прилог кој е составен дел од оваа одлука.

2. Измената на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши по службена должност поради усогласувањето со Законот за енергетика* и прописите и правилата донесени врз основа на Законот за енергетика*.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), постапувајќи по службена должност утврди дека со лиценцата за вршење на енергетската дистрибуција на природен гас од точка 1 на оваа одлука се утврдени права и обврски кои не се во согласност со Законот за енергетика* и прописите и правилата донесени врз основа на Законот за енергетика*.

Согласно член 235 став (2) од Законот за енергетика*, ако во лиценцата се утврдени права и обврски кои не се во согласност со Законот за енергетика*, односно прописите и правилата донесени врз основа на Законот за енергетика*, носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност согласно издадената лиценца до измена или престанување на важење на лиценцата од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

Согласно член 235 став (3) од Законот за енергетика*, Регулаторната комисија за енергетика во рок од три месеци од влегувањето во сила на Законот за енергетика*, односно соодветниот пропис и правила донесен врз основа на Законот за енергетика*, по службена должност ги изменува правата и обврските од постојните лиценци што не се во согласност со одредбите од Законот за енергетика*, односно соодветниот пропис или правила.

Исто така, Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 49 од Правилникот за лиценци, по службена должност, врши усогласување на евидентниот број на лиценцата со член 45 од Правилникот за лиценци.

Регулаторната комисија за енергетика, по службена должност, врши менување на називот на носителот на лиценцата, согласно податоците од Централниот Регистар на Република Северна Македонија утврдени од тековната состојба на Друштвото. Називот на Друштвото "Јавното претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти КУМАНОВО-ГАС Куманово" се заменува со "Јавното претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти КУМАНОВО-ГАС Куманово Ndermarrja publike per ndertim te objective infrastrukturore KUMANOVA-GAZ Kumanove".

Регулаторната комисија за енергетика, по службена должност, врши дополнување во делот на седиштето на Друштвото, при што кај седиштето на Друштвото зборовите "Република Македонија" се заменуваат со зборовите "Република Северна Македонија".

Регулаторната комисија за енергетика на 24 декември 2020 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 235 ставови (2) и (3) од Законот за енергетика* и член 21 став (1) точка 1) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за изменување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на природен гас на Јавно претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти КУМАНОВО-ГАС Куманово.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**УП1 бр. 11-08/13**
**24 декември 2020 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1), nënpika 17 dhe nenit 235 paragrafët (2) dhe (3) të Ligjit të Energjetikës ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18) dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 96/19) dhe nenit 21 paragrafi (1) pika 1) të Rregullores së Licencave ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20 dhe 246/20), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 24 dhjetor 2020, miratoi

**VENDIM**
**PËR NDRYSHIMIN E VENDIMIT TË LËSHIMIT TË LICENCËS**
**SË KRYERJES SË VEPRIMTARISË ENERGJETIKE, SHPËRNDARJE TË GAZIT NATYROR**

1. Në Vendimin e Lëshimit të Licencës së Kryerjes së Veprimtarisë Energjetike, Shpërndarje të Gazit Natyror (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ nr. 93/11, 97/13 dhe 45/17), të lëshuar për Ndërmarrjen Publike për Ndërtimin e Objekteve të Infrastrukturës “KUMANOVA-GAZ” Kumanovë, në shtojcën 1 të dispozitivit të vendimit, fjalët "Ndërmarrja Publike për Ndërtimin e Objekteve të Infrastrukturës KUMANOVO-GAS Kumanovë” zëvendësohen me fjalët “Ndërmarrja Publike për Ndërtim të Objekteve të Infrastrukturës KUMANOVA-GAZ Kumanovë”. Shtojca 1 zëvendësohet me shtojcë të re, e cila është pjesë përbërëse e këtij vendimi.

2. Ndryshimi në licencë nga pika 1) e këtij vendimi, kryhet me detyrim zyrtar për shkak të harmonizimit me Ligjin e Energjetikës* dhe rregullave dhe dispozitave të miratuara në bazë të Ligjit të Energjetikës*.

3. Ky vendim hyn në fuqi me ditën e miratimit të tij, ndërsa do të publikohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**KËSHILLË JURIDIKE:** Kundër këtij vendimi mund të inicohet kontest administrativ në afat prej 30 ditësh nga dita e marrjes së vendimit.

**PA1, nr. 11-08/13**
**24 dhjetor 2020**
**Shkup**

**K R Y E T A R I**
**i Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe**
**të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut**

**Марко Бислимоски**

**Прилог:**

**ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ДИСТРИБУЦИЈА НА ПРИРОДЕН ГАС**

1. **Назив и седиште на носителот на лиценцата**
   Јавно претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти КУМАНОВО-ГАС Куманово, Ndermarrja publike per ndertim te objective infrastrukturore KUMANOVA-GAZ Kumanove, со седиште на ул. Фетка Наскова бр.22 Куманово, Република Северна Македонија

2. **Енергетската дејност за која се издава лиценцата:** Дистрибуција на природен гас

3. **Датум на издавање на лиценцата:** 8 јули 2011 година

4. **Датум на важење на лиценцата:** 8 јули 2046 година

5. **Евидентен број на издадената лиценца:** ПГ-ОДС-14-2011

6. **Единствен матичен број:** 6080944

7. **Единствен даночен број:** 4017006157178

8. **Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**
   Како дистрибуција на природен гас, во смисла на оваа лиценца, се смета транспорт на природен гас низ локален или регионален систем за дистрибуција на природен гас и управување со системот за дистрибуција на природен гас заради испорака на природен гас на потрошувачите, не вклучувајќи снабдување со природен гас.

9. **Подрачје на кое ќе се врши дејноста**
   Енергетската дејност дистрибуција на природен гас, носителот на лиценцата ќе ја врши на подрачјето на Општина Куманово.

10. **Средства и објекти преку кои ќе се врши дистрибуција на природен гас**
    Носителот на лиценцата ќе ја врши енергетската дејност дистрибуција на природен гас, од местото на приклучок на системот за пренос на природен гас мерно-регулационата станица (МРС), лоцирана во ГМРС, преку дистрибутивниот цевковод, до мерно-регулационата станица (МРС) на местото на приклучокот на потрошувачите на природен гас приклучени на дистрибутивниот систем.
    Управувањето со системот за дистрибуција на природен гас, ќе се врши преку:
    - уреди и опрема за прибирање на податоци и информации потребни за управување со системот за дистрибуција на природен гас и
    - уреди и опрема за управување со системот за дистрибуција на природен гас.

**11. Општи обврски за носителот на лиценцата**

Носителот на лиценцата е должен:

- да обезбеди сигурно, доверливо, економски исплатливо и безбедно функционирање на системот за дистрибуција со кој управува,
- да обезбеди сигурна, безбедна и квалитетна испорака на природен гас преку системот за дистрибуција со кој управува на недискриминаторен и транспарентен начин, и во согласност со пропишаниот квалитет,
- да ги приклучи потрошувачите на дистрибутивната мрежа, како и да овозможи пристап на трета страна за користење на системот за дистрибуција,
- навремено да обезбеди информации до другите оператори на системи за дистрибуција како и операторот на системот за пренос на природен гас,
- на корисниците на системот за дистрибуција на природен гас навремено да им ги обезбеди информациите кои се потребни за ефикасен пристап до системот,
- да им овозможи на снабдувачите електронски пристап до листата на потрошувачи која не ги вклучува домаќинствата, согласно тарифниот систем за дистрибуција, како и нивната потрошувачка за последните 12 месеци,
- на својата веб страница да објави листа со надоместоци за секоја категорија на потрошувачи, која претходно е одобрена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија,
- да го развива, надградува и одржува системот за дистрибуција со кој управува и да обезбеди долгорочна способност на системот за задоволување на оправданите барања за дистрибуција на природен гас,
- да го усогласи работењето на системот за дистрибуција на природен гас со работењето на системот за пренос на природен гас,
- да подготви план за одржување на дистрибутивната мрежа и по неговото одобрување од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, да го усвои и да го објави на својата веб страница,
- да набави системски услуги и природен гас за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа по пазарни услови на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин, во согласност со правилата за набавка на природен гас,
- да ги мери количините на природен гас преземени од системот за пренос на природен гас, а кои се испорачани до потрошувачите и да ги достави податоците од мерењата до снабдувачите или трговците со природен гас, операторот на системот за пренос на природен гас, операторот на пазар на природен гас и во согласност со Законот за енергетика* и прописите донесени врз основа на Законот за енергетика* до секоја друга страна што може да ги побара,
- да овозможи пристап на корисниците до мерните уреди во сопственост на операторот на системот за дистрибуција во согласност со Законот за енергетика* и Мрежните правила за дистрибуција на природен гас,
- да води диспечерска книга, записи за доверливоста на системите за комуникација, податоци од системот за надзор и управување, мерни податоци и таквите податоци да ги чува во период од најмалку десет години,
- да обезбеди доверливост на деловните податоци на корисниците на системот за дистрибуција и да спречи дискриминаторен начин на откривање на информациите за своите активности со кои може да се оствари комерцијална предност за поврзаните друштва,
- да не ги злоупотребува доверливите информации добиени од трета страна во однос на обезбедување на пристап до системот за дистрибуција на природен гас,
- да ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на вршење на дејноста дистрибуција на природен гас, заштита на конкуренцијата, заштита на

потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа,

- да води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува,
- да доставува податоци и информации согласно Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,
- да доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,
- да овозможи непосреден увид по барање на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, објектите, деловните простории, простори, инсталациите, како и на средствата и опремата потребни за вршење на дејноста во согласност со Правилникот за лиценци.

**12. Планирање на системот за дистрибуција за природен гас**

Операторот на дистрибутивниот систем е должен:

- секоја година да донесува план за развој на системот за дистрибуција на природен гас за период од следните пет години, со содржина утврдена во мрежните правила за дистрибуција на природен гас и најдоцна до 31 октомври во тековната година да го достави до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на согласност, а по добиената согласност планот да го објави на својата веб страница.
- да подготвува и најдоцна до 31 октомври во тековната година, да доставува до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија едногодишни, петгодишни и десетгодишни прогнози за потребите од природен гас за системот за дистрибуција со кој управува.
- за секој регулиран период да изготвува и да доставува за одобрување до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија план за инвестирање во системот за дистрибуција на природен гас, во кој особено треба да биде прикажано очекуваното зголемување на ефикасноста на работата на системот за дистрибуција на природен гас како резултат на очекуваните инвестиции.

**13. Обезбедување на оперативна функционалност на дистрибутивната мрежа**

Заради обезбедување оперативна функционалност на дистрибутивната мрежа, носителот на лиценцата е должен:

- да обезбеди целосна опременост на дистрибутивната мрежа со заштитни, контролни и примарни уреди за вклучување/исклучување со кои ќе се обезбеди брза и ефикасна заштита на мрежата во случај на дефекти и хаварии и
- во случај на дефекти и хаварии да обезбеди брзо враќање на притисокот на природниот гас и да воспостави правилно функционирање на дистрибутивната мрежа.

**14. Систем за надзор, контрола и прибирање на податоци**

Носителот на лиценцата е должен да инсталира и одржува систем за надзор, мерење, контрола и прибирање на податоци преку кој ќе врши следење и оперативна контрола на средствата од дистрибутивната мрежа.

Системот за надзор, контрола, мерење и прибирање на податоците треба да обезбеди софтверска обработка на податоците, како и оперативна комуникација во вршењето на дејноста и комуникација со сите корисници на дистрибутивната гасоводна мрежа.

**15. Мерење на количините на природен гас**

Операторот на системот за дистрибуција на природен гас е должен да ги мери количините на природен гас, што ги презема и испорачува на корисниците на системот со кој управува, со мерни уреди, во согласност со Законот за енергетика* и мрежните правила за дистрибуција на природен гас.

**16. Обврска за доставување на годишен извештај за финансиското и деловното работење**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во тековната година да достави годишен извештај за финансиското и деловното работење во претходната година.

Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1. обемот на дистрибуција на природен гас во текот на извештајната година (вкупна количина на дистрибуиран природен гас, број на опслужени корисници),
2. начинот на управувањето со системот за дистрибуција на природен гас во текот на извештајната година,
3. годишна завршна сметка со сите прилози,
4. преземени мерки за:

- заштита на опремата и објектите од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност,
- безбедност и здравје при работа,
- кадровска екипираност, обука и стручно усовршување на вработените,
- заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,
- извршување на мониторинг на работењето,
- обезбедување на услови за сигурно, континуирано и квалитетно вршење на дејноста,
- обезбедување на енергетска ефикасност,
- вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба,

5. извршување на годишната програма за ремонти,
6. реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година,
7. исполнување на обврските по регулираните договори,
8. реализација на обврската за информирање на потрошувачите, и
9. обезбедување на услови за сигурно, континуирано и квалитетно вршење на дејноста.

**17. Доверливост на информациите**

Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации при вршењето на енергетската дејност дистрибуција на природен гас.

**18. Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

**19. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

Shtojcë:

**LICENCË**
**E KRYERJES SË VEPRIMTARISË ENERGJETIKE,**
**SHPËRNDARJE TË GAZIT NATYROR**

1. **Emri dhe selia e bartësit të licencës:**
   Ndërmarrja publike për ndërtim të objekteve infrastrukturore “KUMANOVA-GAZ” Kumanovë, me seli në rr. “Fetka Naskova” nr. 22 Kumanovë, Republika e Maqedonisë së Veriut.

2. **Veprimtaria energjetike për të cilën lëshohet licenca:** Shpërndarje të gazit natyror.

3. **Data e lëshimit të licencës:** 8 qershor 2011.

4. **Data e skadimit të licencës:** 8 qershor 2046.

5. **Numri evidentues i licencës së lëshuar:** ПГ-ОДС-14-2011.

6. **Numri amzë:** 6080944.

7. **Numri tatimor:** 4017006157178.

8. **Lloji dhe vëllimi i veprimtarisë energjetike që do të kryhet**
   Shpërndarja e gazit natyror, brenda kuptimit të kësaj licence, nënkupton transportin e gazit natyror përmes një sistemi lokal ose rajonal të shpërndarjes së gazit natyror dhe menaxhimin e sistemit të shpërndarjes së gazit natyror për shpërndarjen e gazit natyror te konsumatorët, duke mos përfshirë furnizimin e gazit natyror.
9. **Përshkrimi i kushteve dhe mënyra e kryerjes së veprimtarisë**
   Shpërndarja e veprimtarisë energjetike të gazit natyror, do të kryhet nga bartësi i licencës në territorin e Kumanovës, si më poshtë:
   - seksioni nga autostrada Kumanovë-Beograd deri në kryqëzimin e Bulevardit e 3-të Brigada Sulmuese Maqedonase, me Revolucionin e Tetorit të Bulevardit të kategorisë së tretë,
   - seksioni nga SRM-Shtëpia Feriale deri te rr. “11 Tetori” me një degë në Muzeun e Qytetit dhe seksioni furnizimi për një shtëpi për të moshuarit-Zafir Sajto, pjesë e rrjetit të tubacionit të gazit të shpërndarjes së presionit të mesëm të qytetit,
   - seksioni nga boshti ndarës i ndërtesës tregtare "TUSH" në ndërtesën e kopshtit "Razvigorcë" dhe një pjesë e rrjetit të tubacionit të gazit të shpërndarjes së presionit të mesëm të qytetit,
     - seksioni nga kryqëzimi i Bulevardit të 3-të Brigada Sulmuese Maqedonase dhe Revolucioni i Tetorit i Bulevardit deri te biblioteka e ndërtesës "Tane Georgievski".

10. **Mjetet dhe pajisjet përmes së cilave do të bëhet shpërndarja e gazit natyror**
    Bartësi i licencës do të kryejë aktivitetin energjetik shpërndarje të gazit natyror, nga vendi i kyçjes me sistemin e transmetimit të gazit natyror, stacioni rregullues matës (SRM), i vendosur në (SRMK), përmes tubacionit të shpërndarjes të bërë nga tuba me shtresë çeliku me diametër F159 x 4,5 mm, me gjatësi prej 3.500m, tuba polietileni me diametër F90mm, në gjatësi rreth 700m, tuba polietileni me diametër F90mm, në gjatësi 1730m dhe tuba polietileni me diametër F90mm, në gjatësi 708m deri në stacionin rregullues matës (SRM) në vendin e lidhjes së konsumatorëve të gazit natyror të lidhur në sistemin e shpërndarjes.
    Menaxhimi i sistemit të shpërndarjes së gazit natyror do të bëhet nëpërmjet:

- mjeteve dhe pajisjeve për mbledhjen e të dhënave dhe informacionit të nevojshëm për menaxhimin e sistemit të shpërndarjes së gazit natyror dhe
- mjeteve dhe pajisjeve për menaxhimin e sistemit të shpërndarjes së gazit natyror.

**11. Obligimet e përgjithshme të bartësit të licencës**

Bartësi i licencës është i obliguar:

- të sigurojë funksionim të sigurt, të besueshëm, ekonomikisht të qëndrueshëm dhe të sigurt të sistemit të shpërndarjes që menaxhon,
- të sigurojë shpërndarje të sigurt dhe cilësore të gazit natyror përmes sistemit të shpërndarjes, të cilin ai e menaxhon në një mënyrë jodiskriminuese dhe transparente dhe në përputhje me cilësinë e përshkruar,
- të lidhë konsumatorët në rrjetin e shpërndarjes, si dhe të mundësojë hyrjen në një palë të tretë për përdorimin e sistemit të shpërndarjes,
- sigurim të informacionit në kohë për operatorët e tjerë të sistemit të shpërndarjes, si dhe për operatorin e sistemit të transmetimit të gazit natyror,
- t'ju sigurojë përdoruesve të sistemit të shpërndarjes së gazit natyror në kohën e duhur informacionin e nevojshëm për qasje efikase në sistem,
- t'ju sigurojë furnizuesve qasje elektronike në listën e konsumatorëve që nuk i përfshin ekonomitë familjare, në përputhje me sistemin e shpërndarjes tarifore, si dhe konsumin e tyre për 12 muajt e fundit,
- të publikojë në faqen e tij të internetit një listë të tarifave për secilën kategori të konsumatorëve, e cila është miratuar më parë nga Komisioni Rregullatir i Energjetikës dhe Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut,
- të zhvillojë, përditësojë dhe mirëmbajë sistemin e shpërndarjes që menaxhon dhe të sigurojë aftësinë afatgjate të sistemit për të përmbushur kërkesat e justifikuara për shpërndarjen e gazit natyror,
- të harmonizojë funksionimin e sistemit të shpërndarjes së gazit natyror me funksionimin e sistemit të transmetimit të gazit natyror,
- të përgatisë një plan për mirëmbajtjen e rrjetit të shpërndarjes dhe pas aprovimit të tij nga Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, ta miratojë atë dhe ta publikojë në faqen e tij të internetit,
- të sigurojë shërbime të sistemit dhe gazit natyror për të mbuluar humbjet në rrjetin e shpërndarjes në kushtet e tregut në një mënyrë transparente, jodiskriminuese dhe konkurruese, në përputhje me rregullat për prokurimin e gazit natyror,
- për të matur sasitë e gazit natyror të marrë nga sistemi i transmetimit të gazit natyror, të cilat u dorëzohen konsumatorëve dhe për të paraqitur të dhënat nga matjet te furnizuesit ose tregtarët me gaz natyror, operatori i sistemit të transmetimit të gazit natyror, operatori i tregut të gazit natyror dhe në përputhje me Ligjin e Energjetikës* dhe rregulloret e miratuara në bazë të Ligjit të Energjetikës* për çdo palë tjetër që mund t'i kërkojë ato,
- t'ju sigurojë përdoruesve qasje në pajisjet e matjes në pronësi të operatorit të sistemit të shpërndarjes në përputhje me Ligjin e Energjetikës* dhe Kodin e Rrjetit për shpërndarjen e gazit natyror,
- të mbajë një libër dërgimi, shënime mbi besueshmërinë e sistemeve të komunikimit, të dhëna nga sistemi i mbikëqyrjes dhe menaxhimit, të dhëna të matjes dhe të mbajë të dhëna të tilla për një periudhë të paktën dhjetë vjet,
- të sigurojë besueshmërinë e të dhënave të biznesit të përdoruesve të sistemit të shpërndarjes dhe të parandalojë një mënyrë diskriminuese të zbulimit të informacionit në lidhje me aktivitetet e tij, që mund të arrijë një përparësi tregtare për kompanitë e lidhura,
- të mos keqpërdorin informacionin e besueshëm të marrë nga një palë e tretë, në lidhje me sigurimin e qasjes në sistemin e shpërndarjes së gazit natyror,

- të respektojë ligjet, rregulloret e tjera dhe aktet e përgjithshme në lidhje me kryerjen e veprimtarisë së shpërndarjes së gazit natyror, mbrojtjen e konkurrencës, mbrojtjen e konsumatorëve, mbrojtjen e mjedisit, jetën dhe shëndetin e njerëzve dhe mbrojtjen në punë,
- të mbajë llogari të veçantë për secilin aktivitet energjetik individual që kryen ose aktivitete të tjera që kryen,
- të paraqesë të dhëna dhe informacione në përputhje me Rregulloren e Mënyrës dhe Procedurës së Monitorimit e Funksionimit të Tregjeve të Energjisë,
- të paraqesë njoftime për të gjitha rrethanat, ngjarjet dhe ndryshimet që kanë ose mund të kenë ndikim në performancën e aktivitetit të energjisë,
- të sigurojë inspektim të drejtpërdrejtë me kërkesë të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në të gjithë dokumentacionin në lidhje me kryerjen e aktivitetit të energjisë për të cilën është lëshuar licenca, objektet, lokalet e biznesit, lokalet, instalimet dhe të mjeteve dhe pajisjeve të nevojshme për kryerjen e veprimtarisë në përputhje me Rregulloren e Licencave.

**12. Planifikimi i sistemit të shpërndarjes së gazit natyror**

Operatori i sistemit të shpërndarjes është i detyruar:

- çdo vit të miratojë një plan për zhvillimin e sistemit të shpërndarjes së gazit natyror për një periudhë prej pesë viteve të ardhshme, me përmbajtje të përcaktuar në rregullat e rrjetit për shpërndarjen e gazit natyror dhe ta paraqesë atë në Komisionin Rregullator të Energjetikës dhe Shërbimeve të ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, jo më vonë se 31 tetor i vitit vijues, me pëlqim dhe pas pëlqimit të publikojë planin në faqen e saj të internetit.
- të përgatisë dhe jo më vonë se 31 tetor i vitit aktual, t'i paraqesë Komisionit Rregullator për Energjetikë dhe Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut parashikime njëvjeçare, pesëvjeçare dhe dhjetëvjeçare për nevojat e gazit natyror për sistemin e shpërndarjes që menaxhon.
- për secilën periudhë të rregulluar të përgatisë dhe paraqesë për miratim në Komisionin Rregullator për Energjetikë dhe Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, një plan për investime në sistemin e shpërndarjes së gazit natyror, i cili në veçanti duhet të tregojë rritjen e pritur të efikasitetit të sistemit për shpërndarjen e gazit natyror si rezultat i investimeve të pritshme.

**13. Sigurimi i funksionalitetit operacional të rrjetit të shpërndarjes**

Për të siguruar funksionalitetin operacional të rrjetit të shpërndarjes, bartësi i licencës është i detyruar:

- të sigurojë furnizimin e plotë të rrjetit të shpërndarjes me pajisje mbrojtëse, kontrolluese dhe paisje primare për kyçje/shkyçje, me të cilat do të sigurojë mbrojtje të shpejtë dhe efikase të rrjetit në rast defektesh dhe prishjesh dhe
- në rast defektesh dhe prishjesh të sigurojë kthimin e shpejtë të presionit të gazit natyror dhe të vendosë funksionimin e duhur të rrjetit të shpërndarjes.

**14. Sistemi i mbikëqyrjes, kontrollit dhe mbledhjes së të dhënave**

Bartësi i licencës është i detyruar të instalojë dhe mirëmbajë një sistem për mbikëqyrje, matje, kontroll dhe mbledhjen e të dhënave, përmes të cilit do të kryejë mbikëqyrjen dhe kontrollin operacional të aseteve nga rrjeti i shpërndarjes.

Sistemi i mbikëqyrjes, kontrollit, matjes dhe mbledhjes së të dhënave duhet të sigurojë përpunimin e të dhënave softuerike, si dhe komunikimin operacional në kryerjen e veprimtarisë dhe komunikimin me të gjithë përdoruesit e rrjetit të shpërndarjes së gazit.

**15. Matja e sasive të gazit natyror**

Operatori i sistemit të shpërndarjes së gazit natyror është i detyruar të masë sasitë e gazit natyror, të cilat i merr dhe u dërgon përdoruesve të sistemit me të cilin menaxhon, me pajisje matëse, në përputhje me Ligjin për Energjetikë * dhe rregullat e rrjetit për shpërndarjen e gazit natyror.

**16. Detyrimi për të paraqitur një raport vjetor mbi operacionet financiare dhe të biznesit**

Bartësi i licencës është i detyruar të paraqesë një raport vjetor mbi operacionet financiare dhe të biznesit në vitin paraprak Komisionit Rregullator për Energjetikë dhe Shërbime të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut jo më vonë se 31 Mars të vitit aktual.

Raporti vjetor me të gjitha shtojcat duhet të dorëzohet në formë elektronike.

Raporti vjetor duhet të përmbajë të dhëna për:

1. vëllimin e shpërndarjes së gazit natyror gjatë vitit raportues (sasia totale e gazit natyror të shpërndarë, numri i klientëve të shërbyer),
2. mënyrën e menaxhimit të sistemit të shpërndarjes së gazit natyror gjatë vitit raportues,
3. llogari vjetore përfundimtare me të gjitha shtojcat,
4. masat e marra për:

- mbrojtjen e pajisjeve dhe objekteve nga ndikimet e jashtme dhe aksidentet dhe sigurimi i pajisjeve dhe pajisjeve për kryerjen e veprimtarisë energjetike,
- siguri dhe shëndeti në punë,
- personelin, trajnimi dhe zhvillimi profesional i punonjësve,
- mbrojtja e mjedisit, jetës dhe shëndetit të njerëzve,
- kryerjen e monitorimit të operacionit,
- sigurimin e kushteve për kryerjen e sigurt, të vazhdueshme dhe cilësore të veprimtarisë,
- sigurimin e efikasitetit të energjisë,
- kryerjen e veprimtarisë në kushte krize, ndryshimi i kushteve në tregun botëror, si dhe gjendja ushtarake dhe gjendja e jashtëzakonshme,

5. ekzekutimin e programit vjetor të rregullimit,
6. realizimin e planit të punës i cili i referohet vitit përkatës,
7. përmbushjen e detyrimeve sipas marrëveshjeve të rregulluara,
8. realizimin e detyrimit për informimin e konsumatorëve, dhe
9. sigurimi i kushteve për kryerjen e sigurt, të vazhdueshme dhe cilësore të veprimtarisë.

**17. Konfidencialiteti i informacionit**

Bartësi i licencës është i detyruar në përputhje me ligjin të sigurojë dhe garantojë konfidencialitetin e të dhënave dhe informacionit të biznesit gjatë kryerjes së aktivitetit të energjisë të shpërndarjes së gazit natyror.

**18. Modifikimi, zgjatja, transferimi, përfundimi, pezullimi dhe revokimi i licencës**

Ndyshimii, vazhdimi, transferimi, përfundimi, pezullimi dhe revokimi i kësaj licence do të kryhet në përputhje me dispozitat e Ligjit për Energjetikë * dhe Rregullores për licencat.

**19. Masat në rast të mospërmbushjes së detyrimeve të të licencuarit**

Nëse Bartësi i licencës nuk i përmbush detyrimet e përfshira në këtë licencë, Komisioni Rregullator për Energjetikë dhe Shërbime të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut do të marrë masa në përputhje me Ligjin për Energjetikë * dhe Rregulloren për licencat.